Сместена во југоисточниот дел од Република Македонија – Општина Радовиш го зафаќа северозападниот дел од пространата Радовишко-Струмичка котлина, односно горното сливно подрачје на Радовишка река. Северниот дел припаѓа на планината Плачковица, јужниот дел на планината Смрдешник, на северозапад се наоѓа ридестиот дел на областа Јуруклук или Дамјанско поле, а на југоисток се протега алувијалната рамнина на Радовишка река. Општината Радовиш има добри гравитациско-контактни и функционални врски во правец северо - запад југо - исток, односно Штип и Струмица , од кои градот Радовиш е оддалечен само 36 од Штип и 29 км од Струмица. Вкупната површина на територијата на општината е 608 км2.

Радовиш претставува општински административен центар со добра местоположба за развој на стопанството. Како административен центар ги опслужува и жителите на општина Конче бидејќи во градот Радовиш се сместени сите државни институции кои имаат дејност на регионално ниво.




## Релјеф

Релјефот на општина Радовиш го карактеризираат три релјефни облици: ридско-планински рељеф, котлини и речни долини. Ридско-планинскиот дел се карактеризира со својот карпест состав и најголем дел од него го зазема планината Плачковица, чиј масив ги завзема северниот и источниот дел од општината, со највисок врв Лисец од 1754 метри надморска височина (мнв). Највисок врв на територијата на општина Радовиш е Бел Камен со 1.707 метри, а други повисоки врвови се Влашки колиби 1.607м, Црквиште 1.676м., Асаналија 1.550м., Џамија 1.569м. и други. Од овие височини како сртови теренот се спушта кон Радовишкото поле. Сртовите се расчленети со помали водотеци или суводолици, нивната висина се намалува со доближувањето до полето. Така сртови се формирани помеѓу Тополничка и Радовишка река од кои највисок е Јајла со 1.137м., помеѓу Радовишка и ораовичка река се сртовите Ајдудаш со 1.445м., Бургас 965м. и Бујрук Бурин 720м., помеѓу долините на Ораовичка река и Плаваја со сртовите изведен 1.332 и Чуј Петел 1.324 м., помеѓу Плаваја и Нивичанска река со сртовите на Мал и Голем Готен со над 1.400м.н.в. Во југозападниот дел се наоѓа планината Смрдеш, која ја оделува Радовишката од Криволакавичката котлина, со највисок врв Краста (951 мнв). Северозападниот дел од општината се карактеризира со стари вулкански жаришта и вулкански карпи кои содржат минерали на железо, бакар и друго, поради што на оваа подрачје се врши ископување на руда.

На територијата на општината има две котлини: Радовишката и Дамјанската Котлина. Радовишката котлина гравитира по течението на Радовишка река, кон југоисток и има просечна надморска височина од 260 до 350 метри. Дамјанската котлина се наоѓа на северозапад и гравитира по течението на Маденска река и се наоѓа на 440 до 480 метри надморска височина.

## СООБРАЌАЈНИ ВРСКИ

| Табела 4.25. Сообраќајни врски | |
|---|---|
| **Автопати, експресни и магистрални патишта** | |
| Директен пристап на магистрален патен правец А4. | |
| **Регионални патни правци што поминуваат низ општината** | |
| Р1310, Р1403, Р2431, Р2433, Р29471 | |
| **Оддалеченост на општината од аеродроми (км)** | |
| „Александар Велики" – Скопје | 107 км |
| „Свети Апостол Павле" – Охрид | 232 км |
| Аеродром Солун, Грција | 177 км |
| Аеродром Софија, Бугарија | 256 км |
| **Оддалеченост на општината од железница** | |
| Железничка станица Гевгелија | 88 км |
| Железничка станица Миравци | 74 км |
| Железничка станица Штип | 40 км |
| **Оддалеченост на општината од пристаниште (км)** | |
| Пристаниште Солун, Грција | 151 км |
| Пристаниште Драч, Албанија | 396 км |
| Пристаниште Бургас, Бугарија | 590 км |
| **Оддалеченост на општината од гранични премини (км)** | |
| Грција | 80 км |
| Бугарија | 57 км |
| Србија | 138 км |
| Косово | 144 км |
| Албанија | 270 км |
| **Оддалеченост на општината од поважни градови (км)** | |
| Скопје | 121 км |
| Солун | 160 км |
| Софија | 260 км |
| Белград | 502 км |
| Загреб | 914 км |
| Истанбул | 840 км |
| Виена | 1.135 км |
| Будимпешта | 898 км |

## ДОМУВАЊЕ

| Домување | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Ред.бр. | Населени места | *Површина во км$^2$* | | | | |
| | | Опслужено домување* | Недоволно опслужено домување** | Нерегуларно домување*** | *Површина на неурбанизирано земјиште (нива,пасишта,шума и др.)* | *Вкупна површина* |
| 1. | Радовиш | 3 | / | / | 9 | 12 |
| 2. | Подареш | 0,74 | / | / | 34,26 | 35 |
| 3. | Ињево | 0,80 | / | / | 21,20 | 22 |
| 4. | Ораовица | 0,70 | / | / | 16,30 | 17 |
| 5. | Злеово | / | 0,50 | / | 16,50 | 17 |
| 6. | Калугерица | / | 0,50 | / | 15,50 | 16 |
| 7. | Јаргулица | / | 0,48 | / | 17,52 | 18 |
| 8. | Воиславци | / | 0,40 | / | 9,60 | 10 |
| 9. | Коџалија | / | / | 0,26 | 16,74 | 17 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 10. | Раклиш | 0,38 | / | / | 6,62 | 7 |
| 11. | Тополница | / | / | 0,38 | 15,62 | 16 |
| 12. | Бучим | / | / | 0,15 | 17,85 | 18 |
| 13. | Аликоч | / | / | 0,16 | 6,84 | 7 |
| 14. | Калаузлија | / | / | 0,07 | 8,93 | 9 |
| 15. | Покрајчево | / | 0,22 | / | 6,78 | 7 |
| 16. | Сулдурци | / | 0,20 | / | 9,80 | 10 |
| 17. | Дамјан | / | 0,20 | / | 16,80 | 17 |
| 18. | Прналија | / | / | 0,08 | 9,92 | 10 |
| 19. | Супурге | / | / | 0,08 | 4.92 | 5 |
| 20. | Смиланци | н/а | н/а | н/а | н/а | 20 |
| 21. | Штурово | н/а | н/а | н/а | н/а | 6 |
| 22. | Козбунар | н/а | н/а | н/а | н/а | 29 |
| 23. | Шипковица | н/а | н/а | н/а | н/а | 21 |

*Податоците во табелата се добиени од стручните служби во општина Радовиш.

***Забелешка:***

- *Опслужено домување* се населени места/месни заедници/или друга поделба кои се услужени на организиран начин од општината со сите овие услуги: електрична енергија, водоснабдување, канализација, асфалтирани патишта, собирање на смет*
- *Недоволно, опслужено домување* се населени места/месни заедници/или друга поделба кои се услужени на организиран начин од општината со сите овие услуги освен со две од нив: електрична енергија, водоснабдување, канализација, асфалтирани патишта, собирање на смет*
- *Нерегуларно домување* се населени места/месни заедници/или друга поделба кои се услужени на организиран начин од општината со една или ниедна од овие услуги: електрична енергија, водоснабдување, канализација, асфалтирани патишта, собирање на смет*

## ДЕМОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

| Вкупно резидентно население, домаќинства и станови во Република Северна Македонија, по општини, Попис 2021 | | |
|---|---|---|
| | | |
| Радовиш | Население | 24122 |
| | Домаќинства | 8511 |
| | Станови | 11283 |

**Жители по населени места:**

Населени места во Општина Радовиш се градот Радовиш и околните села, но во табелата се опфатени само оние населени места на општина Радовиш во кои има жители по последниот попис.

| бр. | Населено место | Население | Површина во км$^2$ |
|---|---|---|---|
| 1. | Супурге | 56 | 5 |
| 2. | Смиланци | 11 | 20 |
| 3. | Штурово | 6 | 6 |
| 4. | Козбунар | 3 | 29 |
| 5. | Шипковица | 2 | 21 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 6. | Калаузлија | 351 | 9 |
| 7. | Дамјан | 175 | 17 |
| 8. | Прналија | 153 | 10 |
| 9. | Али Коч | 393 | 7 |
| 10 | Сулдурци | 195 | 10 |
| 11 | Покрајчево | 319 | 7 |
| 12 | Коџалија | 569 | 17 |
| 13 | Бучим | 400 | 18 |
| 14 | Тополница | 414 | 16 |
| 15 | Злеово | 683 | 17 |
| 16 | Калугерица | 651 | 16 |
| 17 | Јаргулица | 628 | 118 |
| 18 | Раклиш | 559 | 7 |
| 19 | Воиславци | 592 | 10 |
| 20 | Ињево | 1139 | 22 |
| 21 | Ораовица | 1103 | 17 |
| 22 | Подареш | 1260 | 35 |
| 23 | Град Радовиш | 14460 | 12 |

**Етничка структура**

| Години | Македонци | Албанци | Турци | Роми | Власи | Срби | Бошњаци | Ост. | Лица без под. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1948 | — | — | — | — | — | — | — | — | — | 4.678 |
| 1953 | 3.663 | 7 | 1.310 | 146 | 0 | 19 | — | 110 | — | 5.255 |
| 1961 | 5.183 | 2 | 592 | — | — | 39 | — | 430 | — | 6.246 |
| 1971 | 8.201 | 10 | 1.280 | 17 | — | 74 | — | 57 | — | 9.639 |
| 1981 | 10.418 | 12 | 1.551 | 28 | 2 | 84 | — | 93 | — | 12.188 |
| 1991 | 13.022 | 4 | 1.800 | 19 | 12 | 89 | — | 64 | — | 15.010 |
| 1994 | 13.258 | 0 | 1.662 | 43 | 11 | 64 | — | 30 | — | 15.068 |
| 2002 | 13.991 | 1 | 1.927 | 181 | 20 | 60 | 1 | 42 | — | 16.223 |
| 2021 | 10.688 | 14 | 1.597 | 239 | 11 | 23 | 0 | 54 | 1.834 | 14.460 |

* Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија (1948-2021), според податоци од официјалните пописи во соодветните години

## Миграциски движења

Миграциските движења се еден од најважните/најзначајни фактори во демографските движења, со негативна конотација, затоа што станува збор за отселување/заминување на претежно работоспособно население кое е еден од развојните столбови на општеството. Состојбата со миграцијата е дадена за последната година за која се достапни податоците, а се однесува на обемот на отселени граѓани на ниво на општина Радовиш и миграционото салдо.

*Население во минатото во град Радовиш*

| Година | Нас. | ±% | Година | Нас. | ±% |
|---|---|---|---|---|---|
| 1948 | 4.678 | — | 1991 | 15.010 | +23.2% |
| 1953 | 5.255 | +12.3% | 1994 | 15.068 | +0.4% |
| 1961 | 6.246 | +18.9% | 2002 | 16.223 | +7.7% |
| 1971 | 9.639 | +54.3% | 2021 | 14.460 | −10.9% |
| 1981 | 12.188 | +26.4% | | | |

* Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија (1948-2021), според податоци од официјалните пописи во соодветните години



Отселени граѓани на општина Радовиш од поранешно место на живеење во ново место на живеење, по години

| 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 123 | 98 | 87 | 95 | 95 | 105 | 101 | 93 | 98 | 106 | 86 | 102 | 82 | 137 | 96 | 83 | 97 |

Бројот на жители во Радовиш е во опаѓање, најмногу поради намалениот наталитет како последица на лошата економска состојба, невработеноста, одложеното стапување во брак на младите, нискиот животен стандард и други фактори како и големата миграција.

Исто така и сликата во населените места во изминатите години е драстично променета. Има постојано иселување што директно влијае во секоја сфера од општественото живеење како во опаѓање на ученици во основните училишта, во средното општинско училиште, така и во делот на намалени услуги кон граѓаните особено во здравството, социјалата, делови од услужниот сектор. Целокупните процеси се одразуваат на квалитетот на животот во локалната заедница како во градот така и во населените места.

## ЕКОНОМСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ОПШТИНА РАДОВИШ

Економските карактеристики Општината Радовиш се дефинирани како фундаментални развојни параметри, при што анализата го опфаќа следниве категории: Активни деловни субјекти по сектори на дејност, Активно население по возраст од 15 и повеќе години кое врши занимање, Анализа на локалната економија (општински податоци), Вкупно работоспособно население, активни деловни субјекти.

Во моментов најефикасни локални компании се Рудници за бакар ,,Боров дол" и ,,Бучим". Секторот за транспорт и логистика е најбрзорастечки сектор во општина Радовиш. Забележителен е бројот на нови регистрирани фирми со зголемен број на вработувања. Во делот на производство на храна работат фирмите ,,Бест фуд", Млекара ,,Ѓеоргиеви", Млекара ,,Под сонце", ,,Слога", ,,Фунги Флора", ,,Флорес", Винарија ,,Кукутанов" и други.

Текстилниот сектор, градежнот сектор, дел од услугите кон населението се сектори кои се во опаѓање. Текстилниот сектор во последните десет години од втор водечки во општината речиси е на крајот, се затворија многу текстилни компании, а со последната Ковид пандемија сосема замре. Градежниот сектор истотака е во надолна линија, дел од услугите кон населението со процесите на миграција и масовното иселување на младо работоспособно население многу е тешко да се најдат квалификувани работници. Услужните дејности истотака се во опаѓање и поскапуваат.

**Активни деловни субјекти по сектори на дејност според НКД Рев.2, по општини, по години, состојба 31 декември 2021год.**

| | 2021 |
|---|---|
| Радовиш | |
| Земјоделство, шумарство и рибарство | 22 |
| Рударство и вадење на камен | 5 |
| Преработувачка индустрија | 102 |
| Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација | - |
| Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад; санација на околината | 3 |
| Градежништво | 53 |
| Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли | 297 |
| Транспорт и складирање | 100 |
| Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | 41 |
| Информации и комуникации | 13 |
| Финансиски дејности и дејности на осигурување | 2 |
| Дејности во врска со недвижен имот | 2 |
| Стручни, научни и технички дејности | 58 |
| Административни и помошни услужни дејности | 3 |
| Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување | 3 |
| Образование | 13 |
| Дејности на здравствена и социјална заштита | 39 |
| Уметност, забава и рекреација | 22 |
| Други услужни дејности | 47 |
| Дејности на домаќинствата како работодавачи | ... |
| Дејности на екстратериторијални организации и тела | ... |

*Извор: Државен завод за статистика

**Активно население на возраст од 15 години и повеќе, кое врши занимање , според дејноста, пол и по општни, Попис 2021**

| | | ВКУПНО |
|---|---|---|
| Радовиш | Земјоделство, шумарство и рибарство | 667 |
| | Рударство и вадење на камен | 643 |
| | Преработувачка индустрија | 1 616 |
| | Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација | 27 |
| | Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината | 106 |
| | Градежништво | 458 |
| | Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли | 935 |
| | Транспорт и складирање | 545 |
| | Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | 217 |
| | Информации и комуникации | 146 |
| | Финансиски дејности и дејности на осигурување | 71 |
| | Дејности во врска со недвижен имот | 11 |
| | Стручни, научни и технички дејности | 209 |
| | Административни и помошни услужни дејности | 138 |
| | Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување | 443 |
| | Образование | 430 |
| | Дејности на здравствена и социјална заштита | 336 |
| | Уметност, забава и рекреација | 113 |
| | Други услужни дејности | 95 |
| | Дејности на домаќинствата како работодавачи; дејности на домаќинствата кои произведуваат разновидна стока и вршат различни услуги за сопствени потреби | 1 |
| | Дејности на екстратериторијални организации и тела | - |

| | | ВКУПНО |
|---|---|---|
| | Непознато | 51 |

Извор: Државен завод за статистика

**Табела за Анализа на локалната економска структура - презентирање на компаниите од приватниот сектор (*општински податоци)**

| Вид на економска активност | Број и % на компании (според класификација) | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Микро | Мали | Средни | Големи |
| | | | | |
| Индустриско производство | | | | 2 |
| Земјоделство | 12 | 10 | 5 | |
| Преработувачка индустрија | | | 7 | |
| Трговија | 157 | 95 | 5 | |
| Бизнис услуги (обука, консалтинг, истражување на пазар, реклама, издаваштво, односи со јавноста (PR) | | | | |
| Финансиски услуги | | 5 | | |
| Медицински услуги | 20 | | 1 | |
| Легални услуги (нотари, адвокати) | 15 | | | |
| Услуги за населението (фризерници, перални, поправка на автомобили, други сервиси, итн.) | 115 | | | |
| Restaurants, cafes, bars etc. | | 28 | | |
| Хотели, хостели, итн.. | | 3 | | |
| ИТ услуги | 11 | | | |
| Transport | | | 70 | |
| Градежништво | | 20 | | |
| Комуникациски услуги | | 5 | | |
| Креативни услуги (дизајн, фотографија, видеографија, веб дизајн, социјални медиуми, настани) | 3 | | | |
| Управување со отпад | 4 | | 1 | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Туризам | | 2 | | |
| Културно наследство | 1 | | | |
| Индивидуални земкоделци | 1000 | | | |
| Енергетски сектор-приватни компании кои произведуваат електрична енергија, поставуваат фотоволтаици и др. | 10 | | | |
| Социјални претпријатија / Домови за стари лица | 3 | | | |

**Вкупно работоспособно население на возраст од 15 и повеќе според возраст, пол и економската активност, по општини, Попис 2021**

| | | Работоспособно население - ВКУПНО |
|---|---|---|
| | | Пол - ВКУПНО |
| | 15-19 | 1 322 |
| | 20-24 | 1 400 |
| | 25-29 | 1 474 |
| | 30-34 | 1 500 |
| | 35-39 | 1 515 |
| | 40-44 | 1 443 |
| | 45-49 | 1 638 |
| | 50-54 | 1 674 |
| | 55-59 | 1 866 |
| | 60-64 | 1 860 |
| Радовиш | 65+ | 4 256 |

Извор: Државен завод за статистика

Податоци заклучно 31.03.2023 година од Агенција за вработување на РСМ за општина Радовиш за број на евидентирани лица кои бараат работа:

- вкупен број на евидентирани невработени лица: 1822;
- во град-1026, во село-796, од нив жени 961;
- без образование или со основно образование: 1345; Непотполно образование: 90, завршено средно образование: 320, висше образование-19, високо образование-44, магистри на науки.

Работната сила, односно трудот е еден од основните фактори во производството, од кој заедно со капиталот зависи репродукцијата и развојот на

секоја национална економија. Анализата на состојбите со работната сила се однесува на активноста на населението, невработеноста, трошоците на работна сила по вработен и продуктивноста на трудот на вработените.

Активноста на населението е економска и демографска категорија и притоа анализата ги опфаќа следниве категори: работоспособно население, работна сила,
неактивно население, вработени и невработени лица, стапка на активност, стапка на вработеност, стапка на невработеност и вкупно население од 0 до 14 години. Овие податоци се анализирани како обем и динамика во општина Радовиш.

Бројот на работоспособно население во текот на анализираните години се намалува. Во истиот период бројот на невработени лица минимално се зголемува за околу 0.2%. Соодветно на тоа, стапката на невработеност расте со иста динамика.

## ПРИНЦИПИ НА ПРОЦЕСОТ НА СТРАТЕШКО ПЛАНИРАЊЕ – СТРАТЕГИЈА ЗА ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА РАДОВИШ

Стратешкото планирање за локален економски развој на Општина Радовиш претставува темелна алатка за планирање на развојот на општината, која се состои од следните компоненти: состојбите и ресурсите со кои располага општината, насоките, идеите и плановите за идниот економски развој, како и трасирање на патот за остварување на планираниот реален и остварлив локален економски развој.

Изборот на методолошките приоди поаѓа од процесот кој е дефиниран во Законот за рамномерен регионален развој како процес на идентификување, поттикнување, управување и искористување на развојните потенцијали на општината во функција на подигање на степенот на развој како целина и нејзините просторни целини како основа за планирање на развојот и на потребите на населението.

Политиката за поттикнување на локалниот развој е дефинирана како систем на цели, инструменти и мерки насочени кон подобрување на животот на населението во согласност со општите заложби на државата Р.С. Македонија за намалување на регионалните и локалните диспаритети и остварување на рамномерен и одржлив развој во целина и посебно на локално ниво. Стратегијата во тој контекст се стреми кон утврдување на реални и кохерентни цели, приоритети и мерки за поттикнување на развојот. Во плански утврдениот период

утврдени се принципите, целите и приоритетите, истотака се утврдени мерките, инструментите и финансиските средства потребни за нивна реализација. Акцентот е ставен на градење на партнерство, соработка при подготовка, имплементација, мониторинг и евалуација на планските документи за економски и социјален развој меѓу чинителите за основните претпоставки од различни области и нивоа.

Усогласувањето се однесува на целите, приоритетите и мерките кои во планските документи треба да се усогласени со целите, приоритетите и мерките во стратешките развојни документи пропишани од страна на ЕУ, како и на национално и регионално ниво.

Кофинансирањето е насочено кон реализација на мерките на политиката за поттикнување на економскиот, социјалниот и културниот развој на општината.

Реализацијата подразбира дека наоѓа основа во буџетот на Општина Радовиш, но во голема мера ги вклучува и веќе потврдените абсорпциони капацитети на општината да црпи средства од Буџетот на Република Северна Македонија, европските и други меѓународни и домашни фондови. Акумулираното искуство во користењето на фондовите е основа за понатамошнен економски развој базиран меѓу другото и на абсорбционите капацитети на општината.

Општината во спроведувањето на предвидените активности од Стратегијата за економски развој е транспарентна и редовно и навремено и објективно ја информира јавноста за чекорите кои ги превзема преку веб страната и социјалните општински профили.

Општината овозможува слободен пристап до информации на заинтересираните страни; Како една од натранспарентните општини во државата (секогаш на врвот или помеѓу 10 најтранспарентни институции) Општина Радовиш ја интегрира транспарентноста и во суштинските принципи на локалниот економски развој кој налага комуникација со специфични целни групи.

Според прввичните истражувања, спроведени специјално во функција на подготовката на Методологијата за изработка на Стратегијата за Локален економски развој на Општина Радовиш, покрај погоре наведеното, ќе биде потребно да се посвети посебно внимание на следните области:

*Општина Радовиш-карактеристики;*

- *пазар на работна сила;*
- *социјален развој и*
- *инфраструктура.*

- *идентификување на карактеристиките на развојот;*
- *идентификување на подрачја со специфични развојни потреби;*
- *определување визија во рамките на Стратегијата;*
- *определување на стратешки цели, приоритети и мерки;*

- *јасна определба во врска со носители и инструменти за имплементација на Стратегијата, и*
- *оформување на конечната верзија на Стратегијата со акциониот план.*

## SWOT АНАЛИЗА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА РАДОВИШ

**SWOT – Економија, МСП и Претприемништво**

| Јаки страни | Слаби страни |
|---|---|
| 1. Добра географска положба и сообраќајна пристапност на општината | 1. Одлив на квалификувана работна сила |
| 2. Природни ресурси како вредности за економско искористување, вода, поволна клима, алувијални почви и развиена биолошка разновидност | 2. Неприлагодени образовни програми соодветни на потребите на бизнис заедницата |
| 3. Тренд на зголемување на активни деловни субјекти кај транспортните МСП | 3. Непостоење на стратешки план за локален развој |
| 4. Природни ресурси како вредности во проеизводство на енергија од сонце, ветер и биомаса. | 4. Слаба промоција на економските потенцијали на општината |
| 5. Донесени урбанистички планови и ГУП во постапка | 5. Слаба искористеност на финансиски средства од страна на МСП и незадоволително користење на кредитни линии/кредити |
| 6. Постоење компаративни предности за развој на земјоделството во различни области (раноградинарско производство, производство на зачини и лековити билки и др.) | 6. Слабо ниво на бизнис-активности во рурални средини |
| 7. Постоење на индустриски зони и ТИРЗ зона | 7. Ниско ниво на користење на претприемачки способности на женската работна сила |
| 8. Еко-продукти-можности за брендирање | 8. Слабо ниво на афирмација на инвестициските потенцијали на општината |
| | 9. Високи цени на репроматеријалите |
| | 10. Невработеност |
| | 11. Недостаток на човечки ресурси-работоспособно населени, обучен менаџерски кадар, професионални работници со високо образование потребни во МСП (машински, електро инженери, градежници, архитекти, ИКТ) |
| | 12. Ниско ниво на заинтересираност и вклученост на менаџерските структури од локалните МСП |

| Можности | Закани |
| --- | --- |
| 1. Можности за искористување на природните ресурси | 1. Светска економска криза |
| 2.Пристап до средства на Фондот за иновации и технолошки развој (ФИТР) за иновативни проекти . | 2. Ниски доходи во споредба со други региони во државата и воопшто во држави од ех ЈУ регионот (Хрватска, Словенија) каде и за повозрасното работоспособно население не е проблем да работи постојано или сезонски бидејќи не постои јазична бариера. |
| 3. Проекти за меѓународна и владина помош за доквалификација и преквалификација на постоечка работна сила | 3. Ниско ниво на странски инвестиции на ниво на државата |
| 4. Можности за развој на Меѓуопштинска и меѓународна соработка во функција на јакнење и осовременување на МСП секторот | 4. Високо ниво на стандарди за квалитет на производи и услуги на меѓународниот пазар |
| 5. Можност за промоција за искористување на економските потенцијали на општината | 5.Партизација на државните институции. |
| | 6.Ниско ниво на јавна свест |
| | 7.Непотизам во државните институции |
| | 8. Недостаток на чувство за лична морална, етичка и се општа одговорност. |

***Визија:***

*Општина Радовиш е економски развиена општина пример за спроведени иновативни СМАРТ решенија, позитивна енергетска транзиција, инвестиции во „зелени проекти" и други економски активности на ниво на општина.*

**СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ**

За да се достигне посакуваната состојба преточена во визијата на оваа Стратегија, потребно е да се исполнат неколку предуслови:

**Цел 1**: *Поддршка на локалната економија и економски текови која се однесува на претприемништво и поддршка на МСП.*

**Цел 2:** *Поврзување на потребите на пазарот на трудот со продукцијата на кадар.*

**Цел 3:** *Поддршка на иновативни проекти во областа на транспорт, енергетска ефикасност-обновливи извори на енергија, земјоделство, туризам, дигитализација и други области кои се во функција на економскиот развој на општина Радовиш.*

**Стратегиската цел 1** ***Подршка на локалната економија и економски текови која се однесува на претприемништво и подршка на МСП.***

Се однесува на создавање современа економија, и подразбира отвореност и поддршка на инвестиции. Тоа значи дека треба да се создаде привлечна инвестициска средина на која локалната самоуправа ќе ѝ биде при рака за успешно започнување на бизнис - активностите. Во оваа насока, се јавува потребата од јакнење на нивниот иновациски капацитет и користење на IT системи. Основа на инвестициските активности треба да е нивната економска, социјална и еколошка одржливост, да овозможи подобрување на вработувањето следејќи ги трендовите на примена на новите современи технологи и знаење.

Реализацијата на оваа стратегиска цел подразбира определување на мерките во рамките на следниве приоритети:

***Приоритет 1 : Планирање и спроведување услови за инвестициски активности***

- Подготовка на Програма за подршка на бизниси и рамки за инвестициски активности;
- Зајакнување на активностите на Економскиот совет на општината за помош при инвестициските активности;
- Создавање на база на податоци за расположливите ресурси, која ќе биде на располагање на постојните и потенцијалните претприемачи и домашни и странски инвеститори;
- Изготвување и донесување водич за инвестициски потенцијали на општината на македонски и англиски јазик;
- Организирање и поттикнување на средби на бизнис - заедницата со потенцијални инвеститори;
- Промоција на јавно - приватно партнерство и донесување на иницијативи за развој на истото;
- Учество на инвестициски форуми, саеми и други домашни и меѓународни настани за промоција на можностите за инвестиции во Радовиш;
- Организирање на настани за зголемено користење на поддршката од проекти на МСЛ и БРР преку ЦРВПР, кои се насочени кон зајакнување на претприемништвото и развојот на секторот на МСП.

***Приоритет 2: Унапредување на инвестицискиот простор преку инфраструктурата***

- Подготовка на техничка документација за инфраструктура;
- Изградба и реконструкција на патната инфраструктура во урбаниот и посебно во руралниот простор на општината и нејзино прилагодување на целите на Европската зелена агенда;
- Развој на дигитална градска платформа со интегрирање на дигитални јавни услуги и услуги за бизнис секторот;

***Приоритет 3: Зголемување на конкурентноста на локалната економија***

- Изработка на Студија за конкурентните предности на општината за насочување кон области и гранки со најголема продуктивност;
- Донесување годишни планови за подобрена конкурентност на локалната економија;
- Развој на зелена економија (креирање на планови и поддршка на проекти за зелена економија).

**Стратегиска цел 2** ***Поврзување на потребите на пазарот на трудот со продукцијата на кадар.***

Идентификувањето на стратешката цел за развој на претприемништвото преку подобрување на човечки ресурси и пазарот на трудот произлегува од сè поголемиот одлив на квалификувана работна сила. Современите научни и техничко – технолошки процеси бараат поголема вклученост на младите, со својот претприемнички дух да ги применат во овој простор. Претприемништвото подразбира вклучување на соодветните вештини и знаења во создавањето на пристојни услови за живот и работа во Општина Радовиш. Ова посебно се однесува на претприемништвото на младите и жените и избегнувањето на каква било подреденост. Во реализацијата на оваа цел посебно место заслужуваат дигитализацијата и работата на далечина, воспоставување на современи форми на започнување на бизнис - активности, вмрежување и информатичка достапност за претприемачите. Остварувањето на оваа цел подразбира определување на приоритети. Во рамките на приоритетите се определени мерките за

реализација.

***Приоритет 4: Подигнување на нивото на знаења и вештини на засегнати страни во образовните институции и претприемништвото***

- Развој на дуалното образование во соработка со компаниите на подрачјето на општината;
- Годишна анализа на потребите за дуално образование во соработка со бизнис секторот;
- Изработка на Студија за потребен кадар за развој на општината;
- Отворање паралелки за дефицитарни занимања;
- Стипендии за дефицитарни струки;
- Поддршка на иновативни и IT програми;
- Поддршка на неформално, перманентно и доживотно учење;
- Донесување програма за подигнување на застапеност на претприемништво во образованието;
- Трансфер на знаења и искуства од добри практики;
- Обуки и тренинзи за засегнати страни во претприемништвото;
- Унапредување на дигитална писменост на бизнис - заедницата;
- Организирање на настани за поттикнување на претприемничкиот дух кај младата и особено женската популација.

***Приоритет 5: Унапредување на пазарот на трудот***

- Вмрежување на учесници на пазарот на трудот и создавање нивна база на податоци која ќе биде на располагање на постојните и потенцијалните претприемачи и домашни и странски инвеститори;
- Регистар на планирани инвестиции кои се присутни на општинско ниво достапни на лицата кои сакаат да отпочнат бизнис;
- Организирање на настани за поддршка на реализација на бизнис - идеи.

***Приоритет 6: Поддршка на работната сила во општината при барање работа и користење на стимулации***

- Донесување програми за подигнување на повисоко ниво на компетенциите на работната сила;
- Донесување програми кои ќе ги едуцираат невработените да бараат работа, курсеви за пополнување на апликации, интервјуа и дигитално аплицирање за

работа;

- Организирање настани за запознавање со стимулациите при вработување и самовработување.
- Утврдување стимулации при вработувањето;
- Стимулација на вработувања во рурални средини;
- Зголемување на можностите за самовработување и поддршка на социјална инклузија при вработувањето;
- Промоција на можностите за започнување на бизнис активност.
- Креирање на младински бизнис центар;

**Стратегиска Цел 3:** ***Подршка на иновативни проекти во областа на транспорт, енергетска ефикасност-обновливи извори на енергија, земјоделство, туризам, дигитализација и други области кои се во функција на економскиот развој на општина Радовиш.***

Идентификувањето на стратешката цел за подршка на иновативни проекти во областа на транспортните услуги и транспортните претпријатија кои се во подем, подршка насочена кон развојот на енергетскиот сектор, проекти за подобрување на енергетската ефикасност на објекти кои се во сопственост на општината како и индивидуални стамбени објекти. Од друга страна

современите научни и техничко – технолошки процеси бараат промена на начините на производство на храна, во ова стратешка цел се опфатени проекти од земјоделскиот сектор и дигитализација и осовременување на процесите во овој сектор. Развој на туризамот како важна економска гранка подразбира вклучување на соодветните вештини и знаења во самите субјекти кои се занимаваат со ова гранка. Остварувањето на оваа цел подразбира реализација на иновативни проекти.

***Приоритет 7: Развој на „Зелен Радовиш"***

- Донесување на просторно - плански решенија за воспоставување на ветерни паркови и соларни централи;
- Воспоставување на јавно - приватно партнерство за изградба на фото-напонски електроцентрали;
- Финансиска поддршка во енергетската ефикасност на становите и производствените и јавните капацитети преку примена на енергетски ефикасни мерки;
- Финансиска поддршка за воведување на поефикасни технологии за загревање на домаќинствата, производствените и јавните капацитети како топлотни пумпи и инвертер клима-уреди;
- Донесување на план за користење за производство на електрична и топлинска енергија кои ќе користат отпадна биомаса;
- Изградба на нова велосипедска инфраструктура и поставување на урбана опрема за велосипеди во градот и населените места;
- Воведување на превоз на ученици со електрични возила;

***Приоритет 8: Унапредување на состојбите во земјоделството и руралниот развој, подобрени компаративни предности на земјоделието***

- Формирање на тим за давање правна помош во уредувањето и разрешувањето на имотно-правните односи на земјоделското земјиште;
- Поддршка на системи „капка по капка" за наводнување;
- Учество во финансиската поддршка на фарми и унапредување на сточниот фонд;
- Воведување на иновативни дигитални услуги за земјоделци – отварање на ,,Дигитал ХУБ"
- Поддршка на земјоделци што користат зелени енергенси;

- Поддршка на жени - носители на земјоделски стопанства;
- Поддршка за заштита и промоција на традиционалните производи и раси во руралните средини.

***Приоритет 9: Промотивни активности на конкурентноста на општината***

- Изработка на каталог за конкурентните предности на општината;
- Популаризација на општината како сигурна дестинација за инвестиции и
- Брендирање на стоки и услуги препознатливи за општината;
- Дигитализација на процесите за промоција на конкурентноста;
- Креирање на дигитален бизнис профил на општината на македонски и англиски --Јазик со презентација на сите компании на подрачјето на општината;

## АКЦИОНЕН ПЛАН

**Стратегиска цел 1:**
**Подршка на локалната економија и економски текови која се однесува на претприемништвото и подршка на МСП**

**Приоритет 1: Планирање и спроведување на услови за инвестициски активности;**

| Мерки | АКТИВНОСТИ | Носители на активностите | Извори на финансирање |
|---|---|---|---|

| | | | |
|---|---|---|---|
| *1. Подготовка на Програма за подршка на бизниси и рамки за инвестициски активности* | -Изработка и донесување на Програма за подршка на бизниси и рамки на инвестициски активности<br>- мапирање на состојбата<br>- организирање на средби со претставници на бизнис секторот | Општина Радовиш<br>Бизнис сектор<br>НВО Сектор | Општина Радовиш |
| *2. Зајакнување на активностите на Економскиот совет на општината за помош при инвестициските активности* | - Организирање на редовни средби со членовите на Економско-социјалниот совет; | Општина Радовиш<br>Бизнис сектор<br>НВО сектор | Општина Радовиш |
| *3. Создавање на база на податоци за расположливите ресурси, која ќе биде на располагање на постојните и потенцијалните претприемачи и домашни и странски инвеститори* | - Формирање на тим за спроведување на активноста;<br>- Теренска работа собирање на податоци и интервјуа;<br>- Подготовка на регистер на занаетчии;<br>-Подготовка на регистер на угостителски објекти и претпријатија;<br>-Подготовка на регистер на расположиви ресурси | Општина Радовиш<br>Бизнис сектор<br>НВО Сектор | Општина Радовиш |

| | | | |
|---|---|---|---|
| *4. Изготвување и донесување водич за инвестициски потенцијали на општината на македонски и англиски јазик* | -Изработка на водич за инвестициски потенцијали на Македонски и Англиски јазик на Општина Радовиш<br>-Усвојување на водич за инвестициски потенцијали на Општина Радовиш од страна наСоветот на Општина Радовиш<br>- промоција на водичот за инвестициски потенцијали на Општина Радовиш на локално, регионално, национално и меѓународно ниво. | Општина Радовиш<br>Бизнис сектор<br>НВО Сектор | Општина Радовиш |
| *5. Организирање и поттикнување на средби на бизнис - заедницата со потенцијални инвеститори* | - организирање на средби на бизнис заедницата со потенцијални инвеститори најмалку 2 пати годишно | Општина Радовиш<br>Бизнис сектор<br>НВО Сектор | Општина Радовиш |
| *6. Промоција на јавно - приватно партнерство* | - Промоција на модели на ЈПП по области и сектори според потребите на Општина Радовиш и јавните претпријатија под нејзина надлежност.<br>- промоција на локално, регионално, национално и меѓународно ниво. | Општина Радовиш<br>Бизнис сектор<br>НВО Сектор | Општина Радовиш |

| | | | |
|---|---|---|---|
| *7. Организирање на настани за зголемено користење на поддршката од проекти на МЛС и БРР преку ЦРЈПР, кои се насочени кон зајакнување на претприемништвото и развојот на секторот на МСП* | - организирање на настани според објавени повици од страна на МЛС и БРР преку ЦРЈИПР на локално ниво.<br>- организирање на работилници за подигање на капацитетите на потенцијалните корисници на овие програми според потреба. | Општина Радовиш<br>Бизнис сектор<br>НВО Сектор | Општина Радовиш<br>МЛС<br>ЦРЈР |

**Стратегиска цел 1:**
**Подршка на локалната економија и економски текови која се однесува на претприемништвото и подршка на МСП**

**Приоритет 2: Унапредување на инвестицискиот простор преку инфраструктурата;**

| Мерки | АКТИВНОСТИ | Носители на активностите | Извори на финансирање |
|---|---|---|---|
| *1. Подготовка на техичка документација за инфраструктура* | - формирање на работно тело за следење на стратешките документи и потенцијалните извори за финансирање за утврдување на приоритети.<br>- креирање на ажурирана листа на поребна техничка документација (секоја година, најдоцна до месец септември)<br>- доставување на ажурираната листа до секторот за финансии, секторот за урбанизам и одделениет за лер заради утврдување на извори за финансирање за изработка на техничка документација.<br>- изработка на приоритетна техничка документација | Општина Радовиш<br>Бизнис сектор<br>НВО Сектор | Општина Радовиш<br>Донаторски средства<br>Надлежни министерства |

| | | | |
|---|---|---|---|
| *2. Изградба и реконструкција на патната инфраструктура во урбаниот и посебно во руралниот простор на општината и најзиното прилагодување на целите на Европската зелена агенда* | - формирање на работно тело за следење на стратешките документи и потенцијалните извори за финансирање за утврдување на приоритети.<br>- креирање на ажурирана листа на поребна техничка документација (секоја година, најдоцна до месец септември)<br>- доставување на ажурираната листа до секторот за финансии, секторот за урбанизам и одделениет за лер заради утврдување на извори за финансирање за изработка на техничка документација.<br>- изработка на приоритетна техничка документација | Општина Радовиш<br>Бизнис сектор<br>НВО Сектор | Општина Радовиш<br>ИПА-ИПАРД средства<br>Владини средства<br>Донатори |
| *3. Развој на дигиталната градска платформа со интегрирање на дигитални јавни услуги и услуги за бизнис секторот* | - Дооформување на постојниот систем за дигитални услуги со формирање на дигитален портал на сите јавни услуги кои ги дава општината и јавните претпријатија под нејзина надлежност. | Општина Радовиш<br>Бизнис сектор<br>НВО Сектор | Општина Радовиш |

**Стратегиска цел 1:**
**Поддршка на локалната економија и економски текови која се однесува на претприемништвото и поддршка на МСП**

**Приоритет 3: Зголемување на конкурентноста на локалната економија;**

| Мерки | АКТИВНОСТИ | Носители на активностите | Извори на финансирање |
|---|---|---|---|
| 1. *Изработка на Студија за конкурентните предности на општината за насочување кон области и гранки со најголема продуктивност* | - Формирање на работно тело за изработка и мониторинг на Студија за конкурентните предности со споредбена анализа со поблиските општини во регионот.<br>- избор на членови во работното тело од сите релевантни локални чинители.<br>- Изработка на Студија за конкурентните предности на општина Радовиш со споредбена анализа со поблиските општини во регионот | Општина Радовиш<br>Бизнис сектор<br>НВО Сектор | Општина Радовиш |
| 2. *Донесување годишни планови за подобрена конкурентност на локалната економија* | - Изработка на посебни едногодишни планови според економските сектори во Општина Радовиш за подобрување на локалната економија. | Општина Радовиш<br>Бизнис сектор<br>НВО Сектор | Општина Радовиш |

| | | | |
|---|---|---|---|
| *3. Развој на зелена економија (креирање на планови и подршка на проекти за зелена економија)* | - Изработка на посебна програма со приоритети и мерки за подршка на проекти за зеелена економија на локално ниво.<br>- Изработка на регистар на компании кои работтат целосно или делумно во областа на зелената економија. | Општина Радовиш<br>Бизнис сектор<br>НВО Сектор | Општина Радовиш |

| **Стратегиска цел 2:**<br>**Поврзување на потребите на пазарот на трудот со продукција на кадар**<br><br>**Приоритет 4: Подигнување на нивото на знаења и вештини на засегнати страни во образовните институции и претприемништво;** | | | |
|---|---|---|---|
| **Мерки** | **АКТИВНОСТИ** | **Носители на активностите** | **Извори на финансирање** |
| 1. *Развој на дуалното образование во соработка со компаниите на подрачјето на општината* | - потпишување на меморандуми за соработка помеѓу општина Радовиш, локалните училишта, универзитетите и заинтересираните компании за воведување на практична работа за насочените паралелки во општината.<br>- креирање на програма за субвенционирање на локалните компании кои ќе потпишат меморандум и ќе воведат практична настава и работа. | Општина Радовиш<br>Бизнис сектор<br>НВО Сектор<br>Образовни институции<br>Министерство за образование | Општина Радовиш<br>Бизнис сектор |

| | | | |
|---|---|---|---|
| *2. Годишна анализа за потребите на дуалното образование во соработка со бизнис секторот* | - спроведување на анкета или прашалник за бизнис секторот.<br>- креирање на мечирање на потребите на бизнис секторот со профилот на едукација<br>- изработка на годишна анализа за потребите , недостатоците и соработката во делот на дуалното образование со предлози за нивно надминување или подобрување. | Општина Радовиш<br>Бизнис сектор<br>Образовни институции<br>Министерство за образование<br>НВО Сектор | Општина Радовиш |
| *3.Изработка на Студија за потребен кадар за развој на општината* | - изработка на предвидувачка студија за потребите на бизнис секторот на локално ниво за наредните 20 години.<br>- изработка на анализа на финансирање на опрема за образовните институции во делот на насоченото образованите . | Општина Радовиш<br>Бизнис сектор<br>НВО Сектор<br>Образовни институции | Општина Радовиш |
| *4.Отварање на паралелки за дефицитарни занимања* | - отварање на потребни насочени паралелки согласно анализите.<br>- обезбедување на простории и наставен кадар за новите паралелки. | Општина Радовиш<br>Бизнис сектор | Општина Радовиш |
| *5.Стипендии за дефицитарни струки* | - подобрување на постојната програма за стипендирање на ученици и студенти од општина Радовиш со посебен дел за дефицитарни струки. | Општина Радовиш<br>Бизнис сектор | Општина Радовиш |

| | | | |
|---|---|---|---|
| *6.Подршка на иновативни и ИТ Програми* | - креирање и објавување на јавен повик за субвенционирање на иновативни и ИТ програми и проекти на локално ниво. | Општина Радовиш Бизнис сектор | Општина Радовиш |
| *7.Подршка на неформално, перманентно и доживотно учење* | - склучување на меморандум за соработка со центрите за неформално, перманентно и доживотно учење.<br>- одржување на најмалку 2 состаноци на годишно ниво.<br>- креирање на програма за поддршка на лицата корисници на неформално, перманентно и доѓивотно учење. | Општина Радовиш Бизнис сектор | Општина Радовиш |
| *8.Донесување на програма за подигнување на застапеност на претприемништвото во образованието* | - создавање на програма и анализа на потребите за локалното претприемнштво.<br>- формирање на посебен предмет во локалните образовни институции / претприемништво и микро економија | Општина Радовиш Бизнис сектор | Општина Радовиш |
| *9.Трансфер на знаења и искуства од добри практики* | - Организирање на студиски посети на успешни приказни во бизнис секторот на посебните сектори на локалната економија . | Општина Радовиш Бизнис сектор | Општина Радовиш |

| | | | |
|---|---|---|---|
| *10.Обуки и тренинзи за засегнати странни во претприемништво* | - организирање на работилници со успешни претприемачи и потенцијалните нови претприемачи. | Општина Радовиш Бизнис сектор | Општина Радовиш |
| *11.Унапредување на дигиталната писменост на бизнис-заедницата* | - организирање на работилници за унапредување на дигиталната писмност со современите методи и модели на комуникација во бизнис заедницата. | Општина Радовиш Бизнис сектор | Општина Радовиш |
| *12.Организирање на настани за поттикнување на претприемачкиот дух кај младата и особено женска популација* | - Организирање на локален претприемачки саем на производи и услуги еднаш годишно.<br>- организирање на трибина за поттикнување на родовата еднаквост во проетприемништвото | Општина Радовиш Бизнис сектор | Општина Радовиш |

**Стратегиска цел 2:**
**Поврзување на потребите на пазарот на трудот со продукција на кадар**

**Приоритет 5: Унапредување на пазарот на трудот;**

| Мерки | АКТИВНОСТИ | Носители на активностите | Извори на финансирање |
|---|---|---|---|

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. *Вмрежување на учесници на пазарот и создавање нивна база на податоци која ќе биде на располагање на постојните и потенцијалните претприемачи и домашни и странски инвеститори* | - Изработка на дигитален софтвер за вмрежување и полесна комуникација помеѓу локалната администрација и МСП;<br>- Подготовка на база на податоци за потребите на локалната самоуправа. | Општина Радовиш<br>Бизнис сектор | Општина Радовиш |
| 2. Регистар на планирани инвестиции кои се присутни на општинско ниво достапни на лицата кои сакаат да отпочнат бизнис | - Подготовка на програма за субвенционирање на МСП од страна на општината. | Општина Радовиш<br>Бизнис сектор | Општина Радовиш |
| 3. *Организирање на настани за подршка на реализација на бизнис-идеи* | -Организирање на локални манифестации, саеми, конференции и др.<br>-Организирање на работилници за подршка и реализација на бизнис идеи | Општина Радовиш<br>Бизнис сектор | Општина Радовиш |

**Стратегиска цел 2:**
**Поврзување на потребите на пазарот на трудот со продукција на кадар**

**Приоритет 6: Подршка на работната сила во општината при барање работа и користење на стимулации;**

| **Мерки** | **АКТИВНОСТИ** | **Носители на активностите** | **Извори на финансирање** |
|---|---|---|---|

| | | | |
|---|---|---|---|
| *1.Донесување на програми за подигнување на повисоко ниво на компетенциите на работната сила* | -Донесување на Програма за квалификација, доквалификација на локално ниво;<br>- Воведување на платена пракса во МСП; | Општина Радовиш Бизнис сектор | Општина Радовиш |
| 2.Донесување на програми кои ќе ги едуцираат невработените да бараат работа, курсеви за пополнување на апликации, интервјуа и дигитално аплицирање за работа | -подготовка на проекти од одделение за ЛЕР по претходно објавени повици на домашни и ЕУ програми со цел едукација, преквалификација и доквалификација на целни групи, | Општина Радовиш Бизнис сектор | Општина Радовиш |
| *3.Организирање на настани за запознавање со стимулациите при вработување и самовработување* | - поврзување со локалната Агенција за вработување за промоција на мерки за вработување; | Општина Радовиш Бизнис сектор | Општина Радовиш |
| *4.Утврдување симулации при вработувањето* | Локални програми за стимулирање и субвенционирање на нови старт уп компании; | Општина Радовиш Бизнис сектор | Општина Радовиш |

| | | | |
|---|---|---|---|
| *5.Стимулација на вработување во руралните средини* | Програма за финансирање на активности на жителите од руралните средини поврзани со економски активности | Општина Радовиш<br>Бизнис сектор | Општина Радовиш |
| *6.Зголемување на можностите за самовработување и подршка на социјална инклузија при вработувањето* | - подршка при формирање на социјални претпријатија<br>-подготовка на стратегија за социјална инклузија и намалување на сиромаштијата во општина Радовиш | Општина Радовиш<br>Бизнис сектор | Општина Радовиш |
| *7.Промоција на можностите за започнување на бизнис активност* | - спроведување на промотивни активности за формирање на МСП, искористување на финансиски фондови за финансирање на нови МСП. | Општина Радовиш<br>Бизнис сектор | Општина Радовиш |
| *8.Креирање на младински бизнис центар* | -Опремување на просторија,<br>-формирање на заедничко работно тело со образовните институции и заинтересирани граѓански организации, | Општина Радовиш<br>Бизнис сектор | Општина Радовиш |

**Стратегиска цел 3:**
**Подршка на иновативни проекти во областа на транспорт, енергетска ефикасност-обновливи извори на енергија, земјоделство, туризам, дигитализација и други области кои се во функција на економскиот развој на општина Радовиш**

**Приоритет 7: Развој на „Зелен Радовиш“;**

| Мерки | АКТИВНОСТИ | Носители на активностите | Извори на финансирање |
|---|---|---|---|
| *1.Донесување на просторно-плански решенија за воспоставување на ветерни паркови и соларни централи* | Донесување на ГУП за град Радовиш<br>Предвидување на веерни паркови и соларни централи на територија на оптина Радовиш | Општина Радовиш<br>Бизнис сектор | Општина Радовиш |
